Един Радушиќ
Бахрудин Беширевиќ

# Јаболко на раздорот

## Аграрното прашање во Босна и Херцеговина под Австро-унгарска власт



## Клучно прашање

**- Дали “аграрното прашање” било политичко или економско прашање?**

**- Дали “аграрното прашање” придонело кон поделбата на босанското општество и миграцијата на населението?**

**Тема**

Темата се занимава со аграрното прашање во Босна и Херцеговина, Србија, Косово, Македонија и Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (Југославија). Го покрива периодот од крајот на XIX век до 20-тите години на XX век. Важноста на оваа тема произлегува од тоа што аграрното прашање било едно од најважните прашања во процесот на промената на отоманската (исламска) власт од страна на Австријците и Србите во христијанскиот свет. На крајот од отоманското владеење повеќето од земјопоседниците биле словенски муслимани, а повеќето од селаните биле словенски христијани. Промената на сопственоста над земјата од муслимански на христијански селани била една од главните точки на српското национално движење во времето на создавање на српската национална држава во XIX век и создавањето на Кралството на Срби, Хрвати и Словенци (Југославија). Секоја промена на сопственоста над земјиштето од страна на муслиманите била доживувана како директен напад на заедницата на словенските муслимани или дури и како напад врз нивната религија. На крајот, аграрното прашање било еден вид парадигма на односите помеѓу муслиманите и православните христијани на Балканот, како и помеѓу христијанската и муслиманската држава. Во денешно време, одземањето на земјата од словенските муслимани и нејзиното доделување на христијаните се гледа како чин на правда (од страна на Србите) или како чин на неправда (од страна на Бошњачките муслимани).

**Цели**

Работилницата има за цел на учениците да им понуди информации за аграрното прашање во БиХ и неговото влијание врз животите на луѓето.

**Очекувани резултати**

- учениците ќе го осознаат значењето и суштината на аграрното прашање во Босна и Херцеговина
- учениците ќе ги споредат ставовите на различните национални групи во однос на предложените аграрни решенија
- учениците ќе ја анализираат поврзаноста помеѓу аграрното и националното прашање

**Упатство за наставници**

Наставникот им дава упатства на учениците и ги дели во 4 еднакви групи. Секоја група добива карта и документи кои се поврзани со нивната задача. Целта на картата е да им помогне на учениците да ја сватат позицијата на БиХ и позицијата на различните босански религиски групи во Монархијата.

Учениците ги читаат и анализираат текстуалните и останати историски извори, пратејќи го клучното прашање и прашањата кои се однесуваат на конкретните задачи. Резултатите од нивната работа треба да бидат запишани и претставени од страна на претставници на групите.

- Група 1 – Австро - Унгарска група
- Група 2 – Српска страна
- Група 3 – Бошњаци - муслимани
- Група 4 – Србија – Југославија и земјопоседничко и селско

Во следниот чекор, учениците ги анализираат изложените аргументи и се обидуваат да одговорат на клучното прашање.

90 минути

Дали фокусирајќи се на аргументацијата се прецизираат аргументите битни само за едната или и за двете страни?

1. До која мера аграрното прашање придонело кон поделбата на босанското општество?
2. Како аграрното прашање влијаело врз миграцијата од земјата?
3. Како е решено аграрното прашање во завршетокот на отоманското владеење (во Санџак, Нови Пазар, на Косово и во Македонија), а како по завршетокот на Австро-унгарското владеење?

Чекор 1: Наставникот дава инструкции за активности, ги запознава учениците со клучното прашање и историскиот контекст на работилницата, ги дели учениците во 4 групи, дава извори за работа и на секоја група и објаснува која е нивната конкретна задача.

Чекор 2: Анализирање на изворите, дискусија во групи и изведување на заклучоци.

Чекор 3: Краток увод за изворите кои се анализирани и претставување на заклучоците од стана на еден или двајца претставници од групата.

Чекор 4: Завршна дискусија низ призма на клучните прашања. Дискусијата е фокусирана на ставовите и аргументите од сите четири страни. Дискусијата укажува на сличностите и разликите на елемнтите во аргументирањето.

**Вовед**

Аграрното прашање во Босна и Херцеговина во Австро-унгарискиот период било горливо прашање на целокупното општество. Покрај агите и кметовите во него биле вклучени и претставници на австро-унгарската власт, домашни политички и верски организации. Во времето на австро-унгарската власт постоеле над 100.000 кметски семејства. Голем дел од земјопоседниците биле муслимани (Бошњаци), а голем дел од оние кои ја бработувале земјата (чифчии, кметови) биле христијани, посебно Срби. На подрачјата кои кон себе ги припојува Србија по 1878 година и по Балканските војни, како и по создавањето на Кралството СХС доаѓа до радикално решавање на аграрното прашање и промена во земјопоседничките односи.

Извор **1**

**Босна и Херцеговина и Балканот по 1878.**




http://angusyoung111.wordpress.com/2012/07/19/bosnjaci-u-crnoj-gori/(downloaded on 6 April 2013)

| Вкупен број на земјопоседници и кметови | Вкупно | Муслимани | Останати |
|---|---|---|---|
| | 10.463 (100%) | 9.537 (91,15%) | 926 (8,85%) |

*Die Ergebnisse der Volkszählung in Bosnien und der Hercegovina vom 10. Oktober 1910*, Sarajevo 1912.

## Група 1

**Прашања за разбирање на позицијата на Австро-унгарската влада**

1. Како Австро-Унгарија го разбирала аграрното прашање и какво решение предлагала?
2. Кои биле аргументите за ова решение?
3. Дали е возможно во изворите да се најде следното: дали аграрното прашање влијаело на миграција на населението и ако да, во колкава мера?
4. Како желбата на Австриската политика да има лојални поданици влијаела врз аграрната политика?

Извор **1**

**Ветување на Австро-Унгарија за решавање на аграрното прашање**

"Еден од главните аргументи на Министерот за надворешни работи на Австро-Унгарија за добивање на мандат на неговата држава над БиХ на Берлинскиот конгрес било и нерешеното аграрно прашање, кое по неговото мислење, османлиското царство не било во состојба да го реши, предлагајќи ја својата земја како силна и непристрасна сила, способна да ги среди приликите во таа немирна османлиска покраина."

F. Hauptmann, *Privreda i društvo u BiH, Sarajevo 1987,* str. 139

Извор **3**

**Најава за постапно решавање на аграрното прашање**

"Ништо нема да се смени на сила без зрело расудување кое ви е потребно. Старите закони сеуште ќе вредат се додека не се донесат нови."

*Proklamacija cara Franje Josipa upućenoj stanovništvu BiH 1878*, Sarajevski list

Извор **5**

**Британскиот конзул за аграрното прашање и желбите на селаните**

"Селаните не сакаат да

**Прашања за разбирање на позицијата на Српската страна:**

1. Како српската страна го разбира аграрното прашање и какво решение нуди?
2. Кои се аргументите за таквото решение?
3. Дали е можно да се најде во изворите: дали аграрното прашање влијаело на миграцијата на населението во тоа време и ако да, во колкава мера?
4. Како Австриската аграрна политика влијаела на лојалноста или нелојалноста на Србите?

Извор **1**

**Српските селани за аграрното прашање и неговото поврзување со лојалноста кон државата**

"Неселението од Невесињскиот крај се смета себеси за традиционален сопственик на земјиштето кое го обработува и околу тоа се изјаснува: "Тоа е сопственост на мојот дедо, на кој Турците му го одзедоа. Отоманската управа сосила го одзамала нашиот посед и го доделила на феудалците.(...) додека ние на своето огниште и на својата земја сме слободни, можеме да бидеме од корист и на себе и на нашата Влада. Секој феудалец е наш непријател и кој него го заштитува, тој нас не подјармува".

*H. Kapidžić, Iseljavanje srpskog seljaštva iz Hercegovine 1902., GDIBiH*

Извор **3**

**Српските пратеници во Собранието на БиХ за аграрното прашање и лојалноста кон државата**

"Поради презадолженоста на селаните при првата неродна година дојдоа на питачки стап. Од друга страна, од селаните кои се ослободиле на облигаторен начин (задолжителен премин на земјата во рацете на селаните без разлика на волјата на земјопоседникот) и државата би имала голема корист. Би добила верни поданици, исполнети со љубов кон татковината, кои би биле темели на редот и законитоста. (...) Бројот на средновековното Босанско благородништво кое преминало во ислам не бил толку голем, како што говорат муслиманите и на почетокот од XIX век во Босна имало само 48 наследни бегови. Спахиите на почетокот од османската управа не биле домашни синови туку странци, по потекло од Азија. Дури во времето на Османското Царство асимилираните странци ја приграбиле сета власт во Босна претворајќи ги царските поседи во свое наследство. Од друга страна Србите во Босанска краина имале автономија во времето на класичната османска власт, но со текот на времето ја загубиле, како и тапиите (документи за посед на земјата) на својата земја, најчесто по пат на насилство. Доколку Србите би биле доселеници од Стара Србија, Црна Гора и источна Херцеговина, сигурно имале повеќе морално право на земјата од оние кои дошле од Анадолија или од некој друг дел на Мала Азија. (...) И српските пратеници го сметаат аграрното прашање за животно прашање на својот народ. (...) Доколку дојде до нужност од облигаторен откуп, Министерот Билински претпоставува дека околу целата БиХ ќе постои една низа на слободни селани. Од синото море до тивкиот Дунав ќе досега Српската држава, каде селаните ќе бидат слободни, па сега кога селаните во БиХ ќе видат како се слободни оние во Србија, би можело да се случи да гравитираат наваму."

Sjednice BH Sabora za 1910. i 1911.

## Група 3

**Прашања за разбирање на Бошњачката/Муслиманската страна:**

1. Како Бошњаците/Муслимани го разбирале аграрното прашање и какво решение предлагале?
2. Кои биле аргументите за ова решение?
3. Дали е возможно во изворите да се најде следното: дали аграрното прашање влијаело на миграција на населението и ако да, во колкава мера?
4. Како Австриската аграрна политика влијаела на лојалноста или нелојалноста на Бошњаците/муслимани?

Извор 1

### Молба на Травничките и Сараевските бегови употена до Австрискиот Цар од ноември 1895

"Положбата на Муслиманите под Австро-унгарска управа започна да слабее и вината за тоа ја сноси управната власт, бидејќи не водат доволно сметка за почитување на обичаите и прописите кои се на сила, ниту пак водат сметка за правдата. Неземање на правата на муслиманите во заштита, како и аграрната реформа ги натераа муслиманите на преселба во Турција. (…) За време на Австро-унгарското владеење (1878-1918) се смета дека Босна и Херцеговина ја напуштиле околу 140.000 Муслимани кои се отселиле во Турција и околу 30.000 до 40.000 Срби кои повеќето се населиле во Србија".

*Borba Muslimana BiH za vjersku i vakufsko mearifsku autonomiju*, Građa, sabrao i uredio: Ferdo Hauptman, Sarajevo 1967. str. 63;I. Hadžibegović, *Moderne migracije*, prilozi IIS, XXII/23)

Извор 3

### Муслиманските пратеници во Собранието, за аграрното прашање

"Во Босна и Херцеговина муслиманите сметаат дека за облигаторниот откуп на кметовите (обврзувачки премин на земјата во рацете на селаните без обзир на волјата на земјопоседниците) е врзан нивниот животен опстанок. (...) Кога вие (Србите) би сакале братски да работите, (...) не би требало да форсирате ни тогаш кога вие би одлучувале по тоа прашање. (...) Муслиманските земјопоседници се староседелци, а земјата на босанските аги и бегови е нивно наследство (сопственост) уште од средниот век, што им го признаа и Османлиите при освојувањето на Босна, кога босанските благородници воглавно преминаа во ислам. Дури последното османлиско законодавство во целост направило од сопствениците "мутешарифи", т.е. сопственици во смисол на шеријатското право. (...) Кралевите и босанските големци биле или католици или патарени (богомили), па народот не бил од православна вера, бидејќи тогаш во Европа владеело начелото "Чие е земјиштето негова е и верата". Патарените толку ја сакале својата дедовина да поради неа преминале и во ислам, бидејќи само така можеа да ја зачуваат по освојувањето на Босна од Османлиите. Православниот народ во Босна не е староседелски, туку доселенички и тоа најмногу од Стара Србија, кои во Босна се доселиле во времето на Османлискот владеење, поради смалување на бројот на муслиманите како резултат на куги и војни. (...) Кога закупувачот би станал слободен селанец, неговиот напредок станува неизвесен, бидејќи ни слободните селани, кои ги има околу половина, воглавно не се во подобра ситуација од нов. (...) повеќето од закупувачите не се навикнати на самостојно стопанисување со земјата, некои чифлици со текот на времето би се расцепкале како резултат на делби и не би биле доволни за прехранување на нивните семејства, па на крајот би постоела опасност да кога земјата ќе стане мобилна, секој селанец ќе се најде во ситуација да падне во рацете на шпекуланти и да стане безимотен. Од овие неволји чифчијата бил заштитен во закупничките односи во кои досега се наоѓаше."

Sjednice BH Sabora za 1910. i 1911. *BHS, I/1910/1911.*,Sarajevo 1911

Извор 2

### Муслимански весници за важноста на земјопоседништвото

"Муслимани, не ја пуштајте земјата од рака, бидејќи народ без земја е народ без иднина, стебло без корен. Организирајте друштва за откуп на земјиште".

*"Musavat", br. 82, 8. X 1910).*

Извор 4

### Поетот Алекса Шантиќ за иселувањето на босанско-херцеговачките муслимани

"Останете тука! Сонце на туѓо небо,
нема да ве грее како овде
горок е таму лебот
каде што свој немаш, немаш брат.

Од својата мајка каде ќе најдете подобра?!
А ваша мајка е оваа земја
фрлете поглед на полињата
секаде гробови на вашите предци. (…)

Овде секој братска рака стега,
во туѓина за вас пелин цути,
за овој крај се ве врзува,
име и јазик, братство и крв света, (...)

Aleksa Šantić, *Ostajte ovdje*

Извор 5

### Српскиот етнограф Јован Цвијиќ за причините за иселување на Бошњаците/ Муслимани

"Познато е дека мухамеданците започнаа да се иселуваат од Босна и Херцеговина по (австроунгарската) окупација; пред 1908 година тоа иселување сосема ослабело; по Анексијата го зема најголемиот замав. Ова е посебен вид на миграција. Денес во Европа мигрираат народи од економски причини. Иселувањето на босанските мухамеданци само во мал дел е од економски причини, многу повеќе од психолошки причини. (…) Но најголема опасност за иселување на босанските мухамеданци и за српската народност и за останатите домашни елементи во Босна е во тоа што зад босанските муџахири (иселеници) ќе остане празна земја, големи простори кои не можат да бидат населени со странци. Треба да се населуваат Срби, Хрвати и Словенци. Ако не можат да се населат луѓе од нашето говорно подрачје, тоа нека останат простори на кои ќе може да се прошири и размножи домашното население."

Jovan Cvijić, *O iseljavanju bosanskih muhamedanaca*, "Književni glasnik", 16. juna 1910, Sabrana dela, Knjiga 3 (Tom I): Beograd, 1987.

## Група 4

**Прашања за разбирање на позицијата на Српската/Југословенската влада:**

1. Како српската/југословенската влада го разбира аграрното прашање и какво решение нуди?
2. Кои се аргументите за таквото решение?
3. Каква била реакцијата на земјопоседниците и селаните и нивните политички претставници

Извор 1

### Одредби за подготовка на аграрната реформа (27 февруари 1919)

I. Раскинивање на кметовските односи
1. Кметовските (чефчиски) односи во БиХ, а потоа и во новите краишта на Србија и Црна Гора се разрешуваат и се забранува воспоставување на нови кметовски (чифчиски) односи
2. Досегашните кметови (чифчии) се прогласуваат за слободни сопственици на досегашната кметовска земја.
3. Досегашните сопственици (аги) за одземената земја добиваат отштета, која им ја гарантира државата.
Со посебен закон ќе се одреди висината на одштета и начинот како ќе биде исплатена. (...)

II. Раскинување на колонатските односи
7. Колонатските односи и останатите односи слични на кметството помеѓу сопственик на земјиште и закупувачи во Истра, Горичка, Далмација и други области на Кралството СХС се раскинуваат во согласност со првото поглавје на овие одредби.

*Službene novine Kraljevstva SHS*, 27. februar 1919; Petranović-Zećević, Istorija Jugoslavije 1918-1988, стр.. 275.

Извор 2

### Радикалите и муслиманскиот нацрт на уставот

(...) Уште потешко е аграрното прашање. За муслиманите тоа е најважно. (...) Муслиманите бараат надомест за сите добра од било која природа и да се, доколку имаат материјална вредност, а кои им се одземени или ќе им бидат одземени. А еве што вели и другата заинтересирана страна: " Земјата им припаѓа на оние кои ја обработубваат. Сите досегашни облици на сопственост над земјиштето кои се во спротивност со ова начело се укинуваат, доколку со закон не се одредат исклучоци. Никаде не смеат да постојат кметовски, чифчиски, колонатски и ним слични односи. За раскинување на таквите односи во корист на оние чија земја обработувале, не се признаваат никакви надоместоци."

Petranović-Zećević, Istorija *Jugoslavije 1918-1988*, стр. 189-190

Извор 3

### Устав на Кралството СХС

Чл. 42
Феудалните односи се сметаат за правно укинати со денот на ослободување од туѓинската власт. Доколку некаде пред тој рок се сторени неправди со разрешување на феудалните односи или со нивно трансформирање во приватно-правни односи, со закон ќе се спроведе исправка.
Кметовите (чифчии) како и воопшто земјоделци кои обработуваат земја во кметски или слични односи, се утврдуваат како сопственици на државно земјиште, не плаќаат за тоа никаква отштета и истата преоѓа во нивна наследност.

*Službene novine Kraljevstva SHS*, br. 142, 28. jun 1921; Petranović-Zećević, Istorija Jugoslavije 1918-1988, стр. 193.

Извор 4

### Аграрното прашање во БиХ

Оттука Реис-ул-Улема Чаушевиќ точно му кажа на Претседателот на Владата Атанасије Шола дека Босна западнала под терор каков не се помни. На удар најпрво се најдоа бошњачките земјопоседници, на кои српските селани ширум Босна едноставно им ги палеа куќите и објектите и со тоа едноставно им ја одземаа земјата. Состојбата кај народот беше таква да регентот Александар во Манифестот на народот од 24.11.1918 (06.01.1919) покрај останатото изјави: "Јас сакам веднаш да се пристапи кон праведно решавање на аграрното прашање и да се укинат кметствата и големите земјишни поседи. Во двата случаја земјата ќе се подели помеѓу моите сиромашни земјопоседници, со праничен надомест на досегашните сопственици."

M. Imamović, *Historija Bošnjaka*, стр. 490

Извор **6**

**Карикатура**

Карикатури изложени на прозорците од Бањалучкиот демократски весник “Држава”, во знак на протест поради политиката на владеачките Радикалите со Југословенската муслиманска заедница и Словенската граѓанска партија и спороста на решавањето на аграрното прашање.

[redacted]

**Радикална парламентарна заедница; Бегови и клеру**

Arhiv BiH, Fond Zemaljska vlada za Bosnu i Hercegovinu, 12789/1920, prezidijal; Enes Omerović, Političko nasilje u BiH 1918-1921, magistarski rad, Filozofski fakultet u Sarajevu, str. 171

[redacted]

**Пашиќ и селанство**

*Arhiv BiH, Fond Zemaljska vlada za Bosnu i Hercegovinu, 12789/1920, prezidijal; Enes Omerović, Političko nasilje u BiH 1918-1921, magistarski rad, Filozofski fakultet u Sarajevu, str. 171)*

Извор **7**

**Спогодбата помеѓу Владата и Џемиетот за изгласување на Уставот**

1. Досегашните сопственици во Јужна Србија добиваат праведна надомест за одземената земја. (...)
3. Доколку бившите сопственици немаат никакво друго земјиште освен она на кое живеат кметовите или кое се наоѓа во кметски или слични односи, на таквите сопственици, покрај паричен надомест да им се обезбеди најмалку 20 хектари, т.е. 200 дулуми зиратско земјиште, доколку се бавеле со земјоделство или сакаат да се бават со земјоделство во иднина, сами или во сопствена режија. (…)
4. Доколку бившите сопственици имаат покрај кметското земјиште (…) уште и потполно слободно земјиште (беглук), ќе добиваат само мадомест во пари ...

*Petranović-Zećević, Istorija Jugoslavije 1918-1988, str. 190-191*

Извор **8**

**Укинување на феудалните односи во новоослободените краишта**

Со проширувањето на границите на Србија од 1878 година на југоисток (Ниш, Пирот, Лесковац) наметнато е прашањето на разрешување на имотните односи во новоослободените краишта. Србија, како земја на слободни селани, не можеше да го трпи спахискиот и чифлигарскиот турски систем, но прогласувањето на селаните за сопственици без надокнада беше спротивно на одредбите од Берлинскиот договор, кој изричито наложува почитување на имотните права на муслиманите. Од новоослободените краишта пред крајот на војната се иселиле поголем број на муслимански жители. Првото населување, претежно на Црногорци, беше нерегулирано и донесе хаотично и самоволно завземање на земја и сеча на државни шуми.

http://sh.wikipedia.org/wiki/Agrarna_reforma (downloaded 6 April 2013

Извор **9**

**Аграрната реформа и колонизација на просторите од Косово и Македонија по Балканските војни**

Една од главните мерки за средување на состојбите на Косови и Метохија, како и во Македонија, требаше да биде аграрната реформа и колонизацијата(...) Уредбата за населување на новоослободените територии од Кралството Србија донесена е на 20 февруари 1914 година, но имаше премалку време за нејзино методично и масовно спроведување во живот во мобилизациски и воени услови кои настанаа во јули истата година. Главна задача беше, ликвидација на феудалните односи кои беа затечени; земјата најчесто се наоѓаше во рацете на чифлик-сајбиите (земјопоседници) (...) Носители на феудалниот систем беа турски и албански бегови и чифлик-сајбии, додека зависното население се состоеше од српска и албанска сиромаштија.

*Димитрије Богдановић, КЊИГА О КОСОВУ, СРПСКА АКАДЕМИЈА НАУКА И УМЕТНОСТИ ПОСЕБНА ИЗДАЊА, Књига DLXVI ПРЕДСЕДНИШТВО, Књига 2, Уредник: академик АНТОНИЈЕ ИСАКОВИЋ, БЕОГРАД, 1986 /knjiga dostupna na http://www.rastko.rs/kosovo/istorija/knjiga_o_kosovu/ (6. 4. 2013)*

**Тези за завршна дискусија:**

1. Дали фокусирајќи се на аргументацијата се прецизираат аргументите битни само за едната или и за двете страни?
2. До која мера аграрното прашање придонело кон поделбата на босанското општество?
3. Како аграрното прашање влијаело врз миграцијата од земјата?
4. Како е решено аграрното прашање во завршетокот на отоманското владеење (во Санџак, Нови Пазар, на Косово и во Македонија), а како по завршетокот на Австро-унгарското владеење